Врз основа на член 7 став 1 точка 2, 4 и 7 од Законот за заштита на растенијата („Сл. весник на РМ" бр. 25/98 и 6/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

# НАРЕДБА
# ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО И СОТРУВАЊЕ НА ШТЕТНИКОТ ВОДЕНА ВОЛУХАРИЦА (ARVICOLA TERRESTRIS)

1. За спречување на ширење и сотрување на штетникот Водена волухарица (Arvicola terrestris) во подрачјата на Кочанско, Виничко и Штипско, по водоводните канали, насипите, околу реките и земјоделските површини каде што има појава на овој штетник, се организираат и спроведуваат следните мерки:

1.1. Држателите на растенија, на сопствените површини и на насипите и споредните патишта со кои граничат нивните површини, да извршат агротехнички, механички и хемиски мерки за сотрување на штетникот и тоа:

- чистење на површините,тировите, каналите и меѓите од растителни остатоци;
- собирање и изнесување на растителните остатоци од површините и нивно палење на купишта;
- пролетна обработка на почвата;
- поставување на родентициди-мамци на нападнатите површини.

1.2. Агротехничките, механичките и хемиските мерки и мерките за претпазливост да се извршуваат исклучиво според упатствата од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

1.3. Држателите на растенијата, да учествуваат во изведувањето на мерките за сотрување на штетникот околу реките, каналите, насипите, патиштата и др; кои ги организира Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со јавното водостопанско претпријатие кое делува на подрачјата од точка 1 на ова наредба.

2. Примената на мерките од точка 1 на оваа наредба почнува од 23.02.2000 до 23.03.2000 година.

3. Хемиските средства за извршување на мерките за сотрување на штетникот до економски оправдано присуство и трошоците за контролата над спроведувањето на мерките се обезбедуваат од средствата на Програмата за заштита на растенијата од болести и штетници.

4. Мерките од точка 1.1 и 1.3. ги спроведуваат држателите на растенијата.

5. Држателите на растенијата, по завршување на мерките од ова наредба продолжуваат со следење и сотрување на штетникот, со агротехнички механички и хемиски мерки.

6. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-1063/3<br>
февруари 2000 година<br>
Скопје

Министер,<br>
**Марјан Ѓорчев,** с.р.